ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1831/2
03-05-2022

Врз основа на член 22 став 1, во врска со член 17 став 9 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66та седница одржана на ден 21.04.2022 година донесе

**О д л у к а**

**Се констатира состојба на судир на интереси** кај лицето ------ -----, директор на училиштето „------ ------" ---------.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата со број 09-2413/1 од 08.07.2021 година се потврдуваат.

Против горенаведеното лице, Државната комисија за спречување на корупцијата ќе превземе дејствија согласно член 77 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси.

Одлуката на ДКСК во анонимизирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2413/1 од 08.07.2021 година е оформен врз основа на пријава во која се содржани наводи за постоење на судир на интереси при вработување на лицето ----- ------, ќерка на ------ -------, директор на училиштето ------- -------- во кое што е вработена.

Со цел потврдување на фактичката состојба и потврдување на вистинитоста на наводите, ДКСК се обрати до училиштето со барање за доставување податоци и информации дали лицето ------ ------ е вработена во училиштето и доколку е вработена во прилог да се достави документацијата од спроведениот оглас за вработување.

Во законски предвидениот рок, училиштето одговори на барањето и достави допис според кој се гледа дека врз основа на одредби предвидени во Законот за работните односи, Законот за основно образование и добиената согласност од Министерството за образование и наука, директорот на ООУ „------ -------" ------- има распишано оглас за вработување на наставници по различни предмети и области, меѓу кои и наставник по англиски јазик со 20 наставни часа, објавен како замена за породилно отсуство.

На огласот, за наставник по англиски јазик има аплицирано кандидатката ----- -------, која во прилог ви има доставено бараните документи за аплицирање на огласот за вработување. Од документите кои ги има доставено во прилог, односно документот за докажување на Државјанство и Дипломата за завршено образование, видно е дека директорот на училиштето каде што е објавен огласот за вработување е нејзино блиско лице согласно член 8 став 4 од ЗСКСИ, односно е нејзин татко.

Заради комплетирање на документацијата и утврдување на фактичката состојба, ДКСК уште еднаш се обрати до училиштето со барање во прилог да се достави договорот за вработување на ----- ------ за наставник по англиски јазик.

Од договорот испратен во прилог се констатира дека, работниот однос помеѓу училиштето и кандидатот ---- ------ е заснован со договор за вработување на ден 27.06.2019 година, склучен помеѓу ----- ----- и директорот на училиштето ------ ------, татко на ---- --------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи ја во предвид таквата состојба, на седницата одржана на ден 21.04.2022 година, согласно член 77 став 1 од ЗСКСИ ДКСК донесе Одлука со која се констатира состојба на судир на интереси кај лицето ------ ------, директор на училиштето „----- --------" -------, затоа што за време на вршењето на својата службена должност, на ден 27.06.2019 година година потпишал Договор за вработување на негово блиско лице- ќерка ---- ------, без притоа да се изземе од постапката и да го пријави личниот интерес, што е спротивно на член 74 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите. За констатираната состојба, ДКСК ќе го извести гореспоменатото лице и од него ќе побара во рок од 15 дена од доставување на одлуката да преземе дејствија со кои ќе го отстрани судирот на интересите.

Член 74 став 1

*(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси*

Член 75 став 1

*(1) „Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување."*

Имено, постапувајќи по предметот, при проверка во сопствените бази со податоци, ДКСК утврди дека службеното лице ------ ------, не ја исполнил обврската предвидена во член 56 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, каде се предвидува дека именуваното лице е должно да ја извести ДКСК за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување, како и обврската предвидена во член 82 од ЗСКСИ- секое избрано или именувано лице при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето до ДКСК поднесува изјава за имотна состојба и интереси.

Со оглед на тоа што од моментот кога службеното лице ги сторило гореспоменатите прекршувања на одредбите од ЗСКСИ, изминати се две години, што е законски рок за изрекување на прекршочна санкција согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците *„Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот"*, ДКСК не може да поведе прекршочна постапка со издавање на прекршочен платен налог и записник за констатиран прекршок против сторителот на законските повреди.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: Е.Н., соработник
Контролирал: К.З, раководител
Одобрил: Г.Т, член на ДКСК